# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Број 10 Септември 2015 година

# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

**Илинден**

**Арх.бр.08-2377/3**
**од 14.09.2015 година**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлука за донесување на Предлог Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19, плански период 2014-2024 година, општина Илинден**

Се објавува Одлуката за донесување на Предлог Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19, плански период 2014-2024 година, општина Илинден бр.07-2310/3 од 11.09.2015 година, што Советот на Општина Илинден ја донесе на триесет и осмата редовна седница одржана на ден 11.09.2015 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-2377/1**
**Од 14.09.2015г.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

Согласно член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), и согласно член 25 став 4 и став 5 а во врска со член 26 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/05, бр.137/07, бр.91/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.53/11, бр.144/12, бр.55/13, бр.163/13 и бр.42/14), и Согласноста бр.24-12244/2 од 27.08.2015 година издадена од Министерството за транспорт и врски, Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден 14.09.2015 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за донесување на Предлог Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19, плански период 2014-2024 година, општина Илинден**

Член 1

Со оваа Одлука се врши утврдување на Предлог Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19 – плански период 2014-2024, општина Илинден.

Член 2

Границите на планскиот опфат на Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19 – плански период 2014-2024, општина Илинден, се поклопува со планскиот опфат на претходно усвоената урбанистичка документација за селото.

Површината на планскиот опфат изнесува 135,5 ха.

Со Предлог Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19 – плански период 2014-2024, општина Илинден се предвидуваат зони со класа на намена:

- А - домување
- Б - комерцијални и деловни намени
- Г - производство, дистрибуција и сервиси
- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија
- Г3 - сервиси
- Г4 - стоваришта
- В - јавни институции
- Г - производство, дистрибуција и сервиси
- Д - зеленило и рекреација
- Е - инфраструктура

Член 3

Предлог Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19 – плански период 2014-2024, општина Илинден со технички број У01-10/14 од 08/2015 година изработен од Друштво за производство, трговија и услуги Иванов инженеринг – Битола.

Член 4

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од спроведена јавна презентација и јавна анкета по Урбанистички план за село Кадино, со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19, плански период 2014-2024 година, општина Илинден со бр.10-310/14 од 27.03.2015 година.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Архивски број: 07-2310/3**
**Датум на донесување: 11.09.2015г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р.**

Согласно член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 37 од Статутот на Општина Илинден (Сл.гласник бр.15/2010), Градоначалникот на Општина Илинден, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлука за давање согласност за склучување на Договор за организирање на линиски превоз на патници

Се објавува Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за организирање на линиски превоз на патници бр.07-2310/4 од 11.09.2015 година, што Советот на Општина Илинден ја донесе на триесет и осмата редовна седница одржана на ден 11.09.2015 година.

Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.08-2377/2**
**Од 14.09.2015г.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**м-р Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 до Законот за локална самоуправа (Сл.гласник на Општина Илинден бр.05/02), член 20 став 1 точка 44 од Статутот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.15/10), член 22-а став 2 од Законот за превоз во патниот сообраќај (Сл.весник на Р.М. бр.68/04, бр.23/06, бр.127/06, бр.64/08, бр.114/09, бр.83/10, бр.140/10, бр.152/10, бр.17/11, бр.53/11, бр.6/12, бр.23/13, бр.120/13, бр.163/13, бр.187/13, бр.42/14, бр.112/14, бр.166/14, бр.20/15, бр.44/15, бр.97/15, бр.124/15 и бр.129/15) и член 134 став 2 од Деловникот за работа на Советот на општина Илинден (Сл.гласник на општина Илинден бр.12/09), Советот на општина Илинден на седницата одржана на 11.09.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за давање согласност за склучување на Договор за организирање на линиски превоз на патници

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на Договор за организирање на линиски превоз на патници.

**Член 2**

Договорот од член 1 ќе се склучи помеѓу Градот Скопје и општина Илинден со цел организирање вршење на дејноста превоз на патници помеѓу Градот Скопје и општина Илинден, утврдување на меѓусебните права и обврски, стојалишта и начинот на финансирање односно партиципирање на општина Илинден во реализацијата на превозот на патници.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на општина Илинден да го потпише Договорот за организирање на линиски превоз на патници и да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службениот гласник на Општина Илинден.

**Архивски број: 07-2310/4**
**Датум на донесување: 11.09.2015г.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски с.р.**

# СОДРЖИНА

**1.**Решение за објавување на Одлуката за донесување на Предлог Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19, плански период 2014-2024 година, општина Илинден бр.08-2377/1 од 14.09.2015 година.

**2.**Одлука за донесување на Предлог Урбанистички план за село Кадино со разработка на Блок 2, Блок 3, Блок 12, Блок 16, Блок 17 и Блок 19, плански период 2014-2024 година, општина Илинден бр.07-2310/3 од 11.09.2015 година.

**3.**Решение за објавување на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за организирање на линиски превоз на патници бр.08-2377/2 од 14.09.2015 година.

**4.**Одлука за давање согласност за склучување на Договор за организирање на линиски превоз на патници бр.07-2310/4 од 11.09.2015 година.